1. ЧЕСТОПАТИ ДЕЦАТА ЗБОРУВААТ ЗА ИНСПИРАЦИЈА.
ШТО Е ИНСПИРАЦИЈА?
ТРЕНУТНО ВДАХНОВЕНИЕ ИЛИ ПОСТОЈАНАТА РАБОТА ЈА НОСИ, ИЛИ НЕШТО ШТО СЕ НАСЛУТУВА ИЛИ НАДОАЃА.

Секој поет или творец запаѓа во одделни психо-физички состојби кога го обземаат вистински творечки мисли, чувства и настроенија. Тогаш сето негово творечко и човешко битие, понесено од една плима на надојдени доживувања и рефлексни, плови по врвиците на непознатото и неоткриеното, го присилува да бара, да истражува и да ги изрази и соопшти своите нови творечки можности и простори. Во тој миг тој доживува едно чудно чувство на радост и страв, страв од авантурата што се упатил по врвиците на непознатото и радост од откривањето на нови изразни патишта на творештвото.

Таа посебна творечка состојба се вика поинаку, инспирација.

Но поетот, творецот, не е птица на гранка и вдахновението не му паѓа од небо. Можат и да му се чинат спонтани, ненадејни како да доаѓаат сами од себеси миговите на инспирацијата, од неговата творечка надареност и предодреденост.

Поетот, творецот, е плод на долга, упорна и стрплива работа. Во текот на таа работа тој се збогатува со искуство, творечки и животно ги проширува своите поетски сознанија и се надоврзува на искуствата на претходните генерации. Само со таква работа и такви искуства се развива талентот и можат да се јават и се јавуваат мигови на инспирација кога поетот го обзема посебна плима на настроение за творење и одење напред.

2. ПОЕЗИЈАТА ГО СЛЕДИ ЧОВЕКОТ ОД РОДУВАЊЕ НИЗ ЦЕЛИОТ ЖИВОТ.
СО КАКВА РАДОСТ ЈА ДОЧЕКУВА ЧОВЕК ВО ЖИВОТ.

Поезијата е посебен вид на човековата духовна активност, Преку неа тој создава една нова реалност што ја нема, но за која копнее и кон која се стреми.

Поезијата во животот на човекот е пробив во нови повисоки духовни простори и патоказ како да му стане животот посовршен, пополне и посодржаен.

3. ТИ СИ ЕСТЕТИЧАР - ПОЕТ.
РАСКАЖИ НЕШТО ЗА ЕСТЕТСКАТА ФОРМА И ОБЛИК НА ДЕТЕТО.

Секое дете на вроден, инстинктивен начин го изразува чувството за убавото. А кај оние за кои велиме дека се "чудо од дете" тоа чувство се граничи со генијалноста.

Оваа природна дарба и склоност кон убавото што ја носат децата од своето раѓање, треба да се негува, гаи и воспитува, за да израсне во свесен однос кон убавината, кога нивните детски гледања ќе им отстапат место на зрели творечки зафати и согледувања.

Природното,спонтаното гледање и доживување, на тој начин прераснува во свесно, уметничко создавање кое е повеќе и помалку животот, заправо претставува создавање на една нова, уметничка стварност.